**ПОВИК БР. 16/2023 – НАБАВКА НА ПРОСТОРИЈА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ТРКАЛЕЗНА МАСА**

Институтот за стратешки истражувања и едукација (ИСИЕ) од Скопје за потребите на реализација на проектот „Универзитети без корупција во Албанија, Северна Македонија и Србија“ кој се спроведува во рамките на Програмата СМАРТ БАЛКАН – Граѓанско општество за поврзан Западен Балкан, финансирана од Министерството за надворешни работи на Кралството Норвешка, објавува **Повик за ангажирање на субјект за набавка на просторија за организирање на тркалезна маса.**

Предмет на набавката се состои од два дела, сметани како единечна набавка (набавка доделена на еден субјект).

**Дел 1** – Набавка на просторија за организирање на тркалезна маса за **22 јуни 2023 година /четврток/ од 11-14 часот.** Просторијата треба да може да прифати 20 учесници. Масите да бидат распределени во форма на буква „П“. Да биде обезбеден микрофони пред гостите на сите страни соодветно на масите. Дополнително, да биде обезбедено и соодветен SoundSystem, LCD Проектор и Екран како и компјутер за презентација.

**Дел 2** -Закуска за 20 учесници која вклучува храна во форма на канапеи, брускети и ситни колачи (или сличен тип на храна) и освежување од безалкохолни пијалоци, кафе и чај за 20 учесници (чај, кафе и сок).

Цената во понудата да биде изразена во денари без ДДВ. Проектот е ослободен од ДДВ. Плаќањето ќе биде извршено по соодветна фактура за проекти ослободени од ДДВ.

Важно: Ве молиме посебно да биде изразена цена за дел 1 и посебно за дел 2.

**Понудата се доставува на електронската адреса isie@mail.org најдоцна до 29 мај 2023 г.**

По завршување на процесот на селекција сите понудувачи ќе бидат известени за исходот.

Скопје, 19.5.2023 година